РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 05-573/8
12.11. 2024 год.
ВЕЛЕС

Друштво за производство, трговија и услуги
ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-128
12.11 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден 12.11.2024 година помеѓу:

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.Општинско средно училиште „Јовче Тесличков“**,со седиште на ул. „Кукушка“ бр. 37, Велес, застапувано од Директор м-р Васко Трајковски, со ЕМБС 4025644 и ЕДБ 4004965107070, (во понатамошниот текст како Набавувач) и

**2.Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз – извоз ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. „Дане Крапчев“ бр.12 Скопје, Центар, застапувано од одговорното лице Ерџан Сулкоски, со ЕМБС 7322240 и ЕДБ 4080018577940 (во понатамошниот текст Носител на набавката) од друга страна.

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката**„ - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој договор е сукцесивна годишна јавнанабавка на стоки: **„Набавка на огревен материјал (Нафта за греење) - екстра лесно мало за домаќинство – 1 (ЕЛ-1)“.**

Постапката е спроведена со Оглас објавен на ЕСЈН како Поедноставена отворена постапка **16226/2024** од 04.10.2024 година, со број на одлука 05-573/1 од 04.10.2024 година.

## IV.ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно набавените и испорачани количини на Нафта за греење (ЕЛ -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1) потврдени со испратници. Испорачаните количини не треба да ги надминат вкупните количини предвидени согласно техничката спецификација која е во прилог на тендерската

документација(вкупна вредност на договорт ќе зависи од стварно испорачаните количини од страна на носителот на набавка).

**Член 5**

Вредноста на договорот изнесува до **1.058.300,00 денари без ДДВ.**

Единечната цена на стоката - екстра лесно гориво (ЕЛ) утврдена во понудата на 02.11.2020 година за кога било закажано јавното отворање на понудите, изнесува **59,73** денари/литар без вкалулиран ддв. На електронската аукција одржана на 24.10.2024 ниту еден понудувач не учествуваше во истата. На денот на јавното отварање согласно **Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати** цената на горивото ЕЛ) изнесува **59,74** денари/литар без вкалкулиран ДДВ. Висината на намалување на понудената цена во однос на цената согласно Одлуката на РКЕ изнесува **0,01 денари/литар** без вкличен ДДВ.

**Носителот на набавката, екстра лесното гориво (ЕЛ) наведено во Член 2 од овој Договор, ќе го фактурира по цена на денот на испораката, во согласност со Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно со Методологијата и намалена за пресметаниот рабат кој ќе биде фиксен за цело времетраење на договорот (износот на пресметаниот рабат 0,01 денари без вклучен ддв).**

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно набавените и испорачаните количини на нафта за греење потврдени со испратници. Испорачаните количини не треба да ги надминат вкупната количина утврдена согласно техничката спецификација прилог на тендерската документација.(вкупна вредност на договорт ќе зависи од стварно испрачаните количини).

## VI. СКЛУЧУВАЊЕ ИВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Времетраењето на овој договор е 1 (една) годинаод денот на неговото склучување односно до целосно исцрпување на средствата или количините предвидени во договорот.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува **5%** од вредноста на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува во рок од 15 дена од добиеното известување, а пред склучување на договорот

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- доколку Носителот на набавка не го почитува договорениот рок на испорака на стоката утврден во член 8 од овој Договор;
- по дополнително доставено писмено известување од страна на Договорниот орган и оставен дополнителен рок за испорака на стоката;

- во случај на несофпаѓање на кванититетот и квалитетот на испорачаната стока, верификувано од страна на независна институција за контрола на квалитетот на нафтата,
- во случај на раскинување на договорот по вина на Носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

## VIII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА

**Член 8**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача на следниов начин: со сопствено возило во рок од 3 (три) дена од претходна нарачка во **ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес, со седиште на адреса: ул. Кукушка бр. 37, Велес.**
Носителот на набавката прифаќа задолжителна проверка на горивото, мерење на следните физички величини: тежина (мерење на вага), густина и температура.
Начинот на испорака е следен:
**Поради спецификата на местоположбата на ОСУ „Јовче Тесличков", испораката ќе биде со мала цистерна (до 15 тони).**
Со секоја пратка на нафта, од страна на носителот на набавка се доставува документот Испратница со соодветно Уверение за квалитет и формулар – Записник за прием на нафта (тоа се пополнува на крајот на испораката од страна на Купувачот и Превозникот).
Пред да се започне со истоварот на горивото задолжително транспортното товарно возило се носи на вага каде се мери неговата тежина пред истоварот. После истоварот на гориво, возилото повторно се мери на вага. При оваа процедура треба ќе биде присутно лице кое ќе биде одговорно и кое ќе присуствува во текот на целата процедура за прием на нафтата.
Овластеното лице задолжително ќе побара од носителот на набавка да се изврши проверка на густината и температурата во термос специјален за таа намена со инструменти на носителот на набавката) идентификација на вода во нафтата со соодветна паста за идентификација. Доколку се појави поголема разлика од измерената и зададената вредност на дадените параметри пратката ке биде вратена.
Идентификацијата на вода ќе се врши пред истоварот на цистерната, така што на специјална шипка која ја поседува превозникот се нанесува од пастата за идентификација и потоа шипката се потопува во горивото во автоцистерната. Ако има вода во горивото, пастата ја менува бојата во црвена. Во овој случај ќе се прекине понатамошната постапка за прием на горивото и веднаш ќе биде известено одговорното лице на носителот на набавка.

- Доколку пастата не ја менува бојата, што укажува на фактот дека во горивото нема присуство на вода, се продолжува со понатамошната постапка за прием на горивото.
- Исправноста на пастата ќе се провери пред идентификацијата.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Во случај на доцнење со испораката на стоката од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена во член 5 од овој договор за секој ден доцнење.

Договорнатаказнане може да надмине 5% од вкупната цена определена во член 5 од договорот.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на нафтата во дополнително оставен рок, да го раскине Договорот за испорака на овој вид стоки со проста изјава и да склучи Договор за испорака на нафта со второ рангираниот понудувач.

## X. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 10**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количина со опис на стоката, дефинирани во член 1 и 2 од договорот;
- копија од Одлука на регулаторна комисија за енергетика на РМ за висината на цената на денот на испорака;
- единечна цена;
- рабат согласно член 5 од овој договор
- вкупна цена;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница и записник за прием на стоката потпишан од двете договорни страни

## XI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 11**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од 30 (триесет) дена по достава на фактура за испорачаната стока односно достава на фактура во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

## XII. РАЗЛИКА ВО ЦЕНИ (корекција на цена)

**Член 12**

Корекција на цените ќе се врши согласно Одлуката за определување на цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторна комисија за енергетика која е на сила на денот на испораката. Основица за пресметка на цената на 1 литар нафта на денот на испораката ќе биде највисоката малопродажна цена (1 група на цени) на соодветното гориво утврдена со последната Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, која задолжително ќе го вклучува понудениот рабат (попуст) постигнат на електронската аукција преку понудување на најниска цена на понудата. Така пресметаниот рабат изразен во денари ќе биде фиксен за цело времетраење на договорот.

Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи известување од Регулаторната комисија објавено во Сл. Весник на РСМ.

## XIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 13**

Носителот на набавката е должен да обезбеди квалитет на горивото кое е предмет на набавката согласно со Правилникот за квалитет на течни горива, „Сл.весник на РМ“ бр.88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, 78/08 156/08 и 81/09“.

За квалитетот на набавената нафта Договорниот орган може да достави приговор.

Носителот на набавката е должен во рок од 3 (три) дена да превземе мерки за решавање на приговорот.

**Испораката на маслото за горење ќе се врши преку вграден протокомерач на кој е извршена верификација од страна на Бирото за метрологија.**

**Член 14**

Заради декларираниот квалитет на горивото набавивачот има право во секое време и по свој избор да земе примерок од горивото во присуство на носителот на набавката од самото место на набавката на течното гориво.

Заради утврден лош квалитет на течното гориво Договорниот орган може веднаш да достави рекламација на Носителот на набавката.

Доколку рекламацијата не биде прифатена од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган веднаш доставува приговор за квалитетот на течното гориво.

Во случај приговорот на квалитетот на течното гориво да биде прифатен, тогаш заеднички земениот примерок од рекламираното течно гориво се анализира во овластена контролна лабараторија која спогодбено ја определуваат дветѕе страни.

Резултатите од оваа контролна лабараторија се меродавни за двете страни.

Доколку биде констатирано отстапување од декларираниот квалитет во Сертификатот за квалитет од контролната лабараторија, трошоците за испитувањето кое е неопходно да се изведе заради несоодветниот квалитет, паѓа на товарт на Носителот на набавката, а доколку биде констатирано дека квалитетот е соодветен, во тој случај сите трошоци паѓаат на товар на Договорниот орган.

## XIV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 15**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Договорниот орган во времето наведено во писмениот налог во кој ќе бидат содржани потребните количини. Место на испорака – зграда на **ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес, со седиште на адреса: ул. Кукушка бр. 37,Велес.**.

**Член 16**

Носителот на набавката е должен да обезбеди квалитет на горивото кое е предмет на набавката согласно со Правилникот за квалитет на течни горива, „Сл.весник на РМ“ бр.88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, 78/08 156/08 и 81/09“.

**Член 17**

Носителот на набавката Испораката на маслото за горење да ја врши преку вграден протокомерач на кој е извршена верификација од страна на Бирото за метрологија

## XV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 18**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на стоката во рок45 дена по достава на фактура од страна на Носителот на набавката.

**Член 19**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката.

**Член20**

За квалитетот на набавената Нафта за греење (ЕЛ -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1) Договорниот орган има право да достави приговор.

Носителот на набавката е должен во рок од 3 (три) дена да преземе мерки за решавање на приговорот.

**Член21**

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката за постоењето на недостатокот.

## XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 22**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVII. ВИША СИЛА

**Член 23**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 24**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни односи со меѓусебно договарање.

**Член 25**

Доколку договорните страни не најдат обостранноприфатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава Основниот суд во Велес.

## XIX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член26**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот.

**Член 27**

Договорниот орган може во секое време да ја прекине набавката и е должен за тоа да го извести носителот на набавката баз разлика на степенот на реализација на набавката.

**Член 28**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## XX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Доколку Носителот на набавката не го потпише договорот и не ги почитува одредбите од истиот Договорниот орган ќе издаде негативна референца преку ЕСЈН - Биро за јавни набавки.

**Член 30**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 31**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**ДПТУ ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ**
Одговорно лице
Ерџан Сулкоски

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**ОСУ Јовче Тесличков Велес**
Директор,
м-р Васко Трајковски

| ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА кон договор по оглас бр 16226/2024 | | |
|---|---|---|
| 1 | Одобрен рабат | 0,01денари/литар без вклучен ДДВ |
| **Предметните стоки треба да бидат со соодветен квалитет согласно Правилникот за квалитет на течни горива (Сл.весник број 15/08 точка 191, член 1 и член 2). Согласно став 5 од член 3 од правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за квалитет на течните горива (Сл.весник број 15/08, точка 191) на домашниот пазар се пушта во продажба горивото „Екстра лесно масло за домаќинство -1 (ЕЛ-1)" на кое граничната вредност на количеството сулфур изнесува најмногу 0,1 % (m/m). Имено, потребно е предметните стоки да бидат со соодветен квалитет при што граничните вредности на одделените карактеристики на бараното гориво да бидат во согласност со Македонскиот стандард за квалитет на маслата за горење МКС Б.Х2 430 или еквивалентно.** | | |
| Корекција на цените ќе се врши согласно Одлуката за определување на цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторна комисија за енергетика на Р.Македонија која е на сила на денот на испораката. Основица за пресметка на цената на 1 литар нафта на денот на испораката ќе биде највисоката малопродажна цена (1 група на цени) на соодветното гориво утврдена со последната Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, која задолжително ќе го вклучува понудениот рабат (попуст) постигнат на електронската аукција преку понудување на најниска цена на понудата. **Така пресметаниот рабат изразен во денари ќе биде фиксен за цело времетраење на договорот.** | | |

**Датум __ .11.2024**

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**ДПТУ ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ**
Одговорно лице,
Ерџан Сулкоски